Врз основа на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 163/08, 44/11, 51/11, 124/12, 31/13, 34/13, 14/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24, 76/24, 63/25 и 116/25), член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), Решението за распишување на избори на членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје за 2025 година бр.08-4408/3 од 09.08.2025 година, објавено во Службен весник на Република Северна Македонија бр.167/25, министерот за одбрана, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за мирување на постапки за вработување во**
**Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија**
**за 2025 година**

**1.** Согласно Решението за распишување на избори на членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје за 2025 година бр.08-4408/3 од 09.08.2025 година, објавено во Службен весник на Република Северна Македонија бр.167/25, а во насока на доследно почитување на законските одредби, односно член 8-а од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, СЕ СТАВААТ ВО МИРУВАЊЕ:

- Постапка по јавен оглас број 3/2025 за вработување на 6 (шест) лица во Министерството за одбрана на Република Северна Македонија објавен на ден 30.07.2025 година во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“, како и на ВЕБ страната на Министерството за одбрана, и
- Постапка по јавен оглас за прием на 300 (триста) професинални војници на служба во Армијата на Република Северна Македонија, објавен на ден 12.03.2025 година во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“, како и на ВЕБ страната на Министерството за одбрана.

2. Со мирување на постапките од точка 1 на ова решение, запира течењето и на роковите по однос на фазите од постапките за вработување во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија.

3. Постапките од точка 1 на ова решение мируваат до завршување на постапката за избор на членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје за 2025 година.

4. За продолжување на постапките од точка 1 на ова решение, ќе се донесе посебно решение.

5. Ова решение да се објави на ВЕБ порталот на Министерството за одбрана и да се достави до Генералштабот на Армијата.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил: Елена Иванова
Контролирал: Ирена Станковска
Одобрил: Елизабета Чуповска Ристова

*Бр. 04-2397/1*
*12-08-2025 2025 година*
*Скопје*

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА
Владо Мисајловски

Доставено до :
-Кабинет на МО;
-Државен секретар
-Генералштаб на Армијата
-ДУЧРОО
-ДППКМЦВС
-ДФ и
- Архива